**20151925309**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Се прогласува Законот за изменување на Царинскиот закон,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр. 08-5124/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2005, 4/2008, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15 и 154/15), во членот 263 став (1) бројот „33.000“ се заменува со бројот „15.000“.

Во ставот (3) бројот „4.950“ се заменува со бројот „2.250“.

Член 2

Во членот 264 став (1) бројот „8.000“ се заменува со бројот „5.000“.

Во ставот (3) бројот „1.200“ се заменува со бројот „750“.

Член 3

Во членот 265 став (1) бројот „33.000“ се заменува со бројот „15.000“, а бројот „8.000“ се заменува со бројот „5.000“.

Во ставот (3) зборовите: „500 до 4.950“ се заменуваат со зборовите: „500 до 2.250“, а зборовите: „200 до 1.200“ се заменуваат со зборовите: „200 до 750“.

Член 4

Во членот 266 став (1) бројот „500“ се заменува со бројот „250“, а бројот „100“ се заменува со бројот „50“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.